Агенција за вработување на
Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, усвоен од Владата на Република Македонија за мерката **Обуки за побарувани занимања**, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на Република Македонија, на ден **28.03.2018** година, се објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**до евидентирани невработени лица**

1. Се повикуваат евиденираните невработени лица кои се заинтересирани за учество во обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот, да се пријават во работните клубови на центрите за вработување каде се евидентирани како невработени лица најдоцна до 10.05.2018 година. Обуките ќе се спроведуваат од страна на верификувани спроведувачи на обуки и се однесуваат на следните занимања и градови:

   -Гипсер –монтер во Скопје, со завршено најмалку основно образование,
   -Фасадер во Скопје со завршено најмалку основно образование и
   -Оџачар во Скопје со завршено најмалку основно образование.

2. Обуката ќе се реализира во период од 3 месеци, а по завршување на обуката кандидатите ќе изведуваат секојдневна практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраење од 1 месец, доколку како спроведувач на обуката се стопански комори, занаетчиски комори. и средни стручни училишта. Доколку како спроведувач на обука се приватни компании (работодавачи) практична работа во времетраење од 1 месец може да се изведува кај истата приватна компанија (работодавач).
3. Лицата вклучени во обуките ќе добијат месечен надомест од 9.000,00 денари, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.
4. Невработените лица кои ќе ја завршат обуката, практичната работа и успешно ќе го положат предвидениот испит, ќе се стекнат со Сертификат издаден од верификуваните спроведувачи на обука.
5. На корисниците на паричен надоместок ќе им продолжи правото на паричен надоместок до завршување на обуката, додека корисниците на социјална помош ќе продолжат да добиваат парична помош во текот на обуката.
6. Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на Република Македонија и селектираните кандидати.
7. Обуките ќе се спроведат доколку има доволен број на пријавени кандидати.
8. Во обуките не може да учествуваат лица кои предходно биле вклучени во оваа мерка.

Заинтересираните невработени лица можат да поднесат Пријава во Центарите за вработување, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот. Детални информации можат да се добијат во работните клубови на Центрите за вработување, на контакт телефон 02/3111-850 како и веб страните на Агенцијата за вработување на Република Македонија www.avrm.gov.mk и Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија www.mtsp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА